( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
20.05.2025
04-192/1

До: Државен управен инспекторат
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Записници од извршени инспекциски надзори и други постапувања во врска со поднесена претставка до Вас од моја страна на 25.04.2025 година. (Во прилог Ви ја доставувам претставката)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

**Во _20.05__, _____2025 година .** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
# ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат, од [redacted] донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од од [redacted], заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-192/1 од 20.05.2025 година, **СЕ ОДБИВА.**

## *Образложение*

До Државниот управен поднесено е Барање за притап до информации од јавен карактер од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-192/1 од 20.05.2025 година.

По разгледување на Барањето утврдено е дека со истото се бараат акти по иницијативата за вршење на вонреден инспекциски надзор поднесена од Димитар Ангелов од 25.04.2025 година. Од изјава на инспекторот кој постапува по наведената иницијатива констатирано е дека инспекциската постапка е во тек, инспекциски акти во истата не се создадени па истите согласно член 3 став 1 алинеја 2 не претставуваат информации од јавен карактер. Дополнително Ве исвестуваме дека за текот на постапката и преземените дејствија ќе бидете соодветно известени од инспекторот кој постапува по иницијативата.

Бидејќи бараните информации не претставуваат информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Решено во Државниот управен инспекторат под бр.03-192/2 на 03.06.2025 година**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска


Министерство за јавна администрација
Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија

Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија

+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk